Врз основа на член 41 од Статутот на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на својата 20-та седница одржана на ден 29.06.2026 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за толкување на одредби од Правилата за котација**

1. Со овој Заклучок се врши толкување на членот 38 од Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје, кој се однесува на обврската на издавачите за објавување на сите промени на сопственоста при кои одредени сопственици се стекнале со 5% од главнината на акциите со право на глас и кој гласи:

***Известување за значителни удели***
***Член 38***

*1. Издавачот мора да објави известување за сите промени на сопственоста при кои одредени сопственици се стекнале со 5% од главнината на акциите со право на глас. Во известувањето треба да се наведе идентитетот на новите сопственици, бројот на акциите, како и новиот процент на гласачки права.*
*2. Издавачот мора да објави известување за секоја наредна промена на сопственоста над 5% од главнината на акциите со право на глас.*
*3. Издавачот мора да објави известување и доколку некој од сопствениците кои поседувале над 5% од акциите со право на глас го намалиле своето учество во акционерскиот капитал на друштвото.*

2. Со цел прецизирање на рокот во кој треба преку СЕИ-Нет да бидат објавени податоците за промените на сопственоста од 5% на акциите со право на глас, се прави толкување на членот 38 од Правилата за котација во следната насока:

> Издавачот е должен да ги објави известувањата од член 38 од Правилата за тргување преку СЕИ-Нет веднаш штом дознал за стекнувањето и/или промените, но не подоцна од крајот на денот кога стекнувањето и/или промените на сопственоста од 5% на акциите со право на глас ќе бидат објавени во јавност согласно Законот за хартии од вредност.

3. Овој Заклучок се доставува до Комисијата за хартии од вредност и архивата на Берзата и диспозитивот на истиот се објавува на интернет страницата на Берзата.

4. За донесувањето и почетокот на примена на овој заклучок, Секторот за деловни операции ги известува и им дава насоки на издавачите чии хартии од вредност котираат на Официјалниот пазар на Берзата.

5.Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесувањето, а започнува да се применува од 01.08.2026 година**.**

**Одбор на директори**

**Претседател**
**Тони Стојановски**